1. Кој е највисок правен акт на една држава?

а) Устав на Република Македонија

б)Врховен суд

в)Основен суд

2.Дали уставот на Република Македонија содржи преамбула?

а)Да

б)Не

в)Делумно

3.Лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина

не биде утврдена со :

а)Правосилна пресуда

б)Решение

в) Жалба

4.Дали Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот културниот, јазичниот и верскиот идентитет на сите заедници:

а)Да

б) Не

в)Делумно

5.Кој е Вховен командант на вооружените сили на Република Македонија?

а) Премиерот на Владата

б)Претседателот

в)Министерот за одбрана

6.Кој ја извршува функцијата Претседател на Републиката во случај на смрт, оставка , трајна спреченост да ја врши функцијата или престанок на мандатот :

а)Премиерот на Владата

б) Председател на Уставен суд

в) Председател на собрание

7.Кој раководи со Бирото за јавна безбедност?

а)Директор

б)Началник

в)Министер

8.Каква контрола на работата на Министерството за внатрешни работи врши народнито правобранител?

а)Надворешна контрола

б)Внатрешна контрола

в)Не врши контрола

9.Дали работникот во Министерството е должен да изврши наредба издадена од Министерот или од него овластен раководен работник, во врска со извршување на внатрешни работи на Министерството:

а)Да

б)Не

в)Делумно

10.Дали работникот во Министерството на негово барање а со согласност со министерот има право на неплатено отсуство?

а)Да

б)Не

в) Делумно

11.Ако кражбата е сторена со кршење или провалување во затворени простории со совладување на препреки или на друг начин совладување поголеми пречки , тогаш како се квалификува кривичното дело?

а) тешка кражба

б)кражба

в)разбојништво

12.При примена на полициските овластувања , полицискиот службеник е неопходно должен

а)да се легитимира

б)да не се легитимира

в)да се претстави

13.Задржувањето на лице лишено од слобода ,кое под дејство на алцохол или други психотропни супстанци,под услов утврдени со посебен закон може да трае најмногу

а)3 часа

б)6 час

в)8 час

14.За извршениот увид на место на настан во сучаи определени со Закон од страна на полицискиот службениксе составува:

а)записник

б)службена белешка

в)извештај

15.Дали полициски службеник смее да биде член на раководството на политичка партија?

а)Да

б)Не

в)понекогаш

16.Кој суд е месно надлежен?

а) судот на територијата каде што е извршено кривичното дело

б) судот што ќе го одреди полицијата

в)судот што ќе го одреди осумничениот

17.Кој го врши увидот?

а)обвинителот

б)судија на прекршочна постапка

в)командирот на полициската станица

18.Што врачува службеното лице на сторителот кога ќе го утврди прекршокот во мандатна постапка?

а)платен налог

б)записник

в)пресуда

19.Како се нарекува физичкото лице кое на полициските службеници систематски перманентно на дискретен начин им доставува податоци за криминални однесувања и деликвенти?

а)информатор

б)поткажувач

в)сведок

20.Проверка на идентитет на лице претставува службено дејствие кое го превземаат полициските службеници заради утврдување на :

а)идентитетот на непознато лице

б)запознавање

в)претставување

21. При лишување од слобода на лицето од местото на настанот, полициските службеници го вршат со доведување на истиот во?

А) најблиската полициска станица при МВР

Б) најблиската шумско полициска станица

В) месно надлежниот Основен Суд

22. За секој извршен преглед на лице или превозно средство доколку е констатиран прекршок или кривично дело, шумскиот полицаец изготвува?

А) службена белешка

Б) барање

В) записник

23. Што изготвува шумскиот полицаец при извршената контрола во складовите кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти?

А) потврда за одземени предмети

Б) службена белешка

В) записник

24. При вршење на контрола во складовите кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти, ако шумската полиција утврди неправилности за која не е неадлежна, кого треба да извести?

А) началникот на шумската полиција

Б) надлежната институција која е надлежна за констатираните неправилности

В) министерството за внатрешни работи

25. Кога се врши предупредување на лице?

А) кога лицето предизвикало штета врз шумата

Б) кога полицаецот ќе оцени дека лецето со неговото однесување ќе предизвика штета врз шумата

В) кога лицето ќе биде затечено во бесправен превоз на дрва.

1) Што се уредува со Законот за шумите?

a) планирањето

b) стопанисувањето со шумите

c) управување

d) одгледување

e) заштита

f) користењето

g) чување на шумите

2) На што се применуваат одредбите од законот за шумите?

a) на шумското земјиште без оглед на сопственоста.

b) на шумите без оглед на сопственоста.

c) на сите шуми и шумско земјиште без оглед на сопственоста и намената.

3) Што уживаат шумите како природно богатство кои се добро од општ интерес за Република Македонија?

а) посебна заштита.

b) периодична заштита.

c) селективна заштита.

4) Кои се цели на законот за шумите?

а) трајно да се сочува површината под шума, да се зголеми нивната вредност и да се обезбеди најголем прираст според природните услови на месторастењето и да се обезбеди одржливо управување, планирање, стопанисување сошумите и чување на шумите и шумското земјиште на начин и во обем со кој трајно се одржува и унапредува нивната производна способност, биолошка разновидност, способност за обнова и виталност во интерес на сегашниот и идниот развој на економските, еколошките и социјалните функции на шумата, притоа да не се наруши екосистемот.

b) трајно да се сочува површината под шума.

c) трајно да се зголемат приходите од користењето на шумите.

5) Кога се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка?

а) Секогаш.

b) Понекогаш.

c) Доколку со законот за шумите поинаку не е уредено.

6) Што преставува шума во смисла на законот за шумите?

а) Површина обрасната само со шумски видови на дрвја поголема од 2 ари.

b) шумски екосистем кој постои на шумско земјиште обраснато со шумски видови дрвја и грмушки, голини непосредно до шумата, како и други голини

и ливади внатре во шумата, шумски расадници, шумски патишта, семенски плантажи, противпожарни просеки во шума, ветрозаштитни појаси на површина поголема од два ари, како и шуми во заштитените подрачја. Шума се состои и од млади насади и шумски култури со површина поголема од два ари, како и површини кои се составен дел на шумата, а привремено се необраснати како резултат на човечкото влијание или природни непогоди на кои започнало природното обновување.

c) Површина обрасната со разни дрвни видови над 2 ари

7) Што не се подразбира под шума?

a) Под шума не се подразбира крајбрежната вегетација надвор од шума, дрворeди и паркови во населени места.

b) Под шума не се подразбираат дрворедите и парковите во населени места.

c) Под шума не се подразбираат одвоени групи на дрвја и на површина помала од два ари, меѓни стебла меѓу земјоделско земјиште, плантажи од брзорастечки видови дрвја, како и крајбрежна вегетација надвор од шума, дрворeди и паркови во населени места.

8) Кои се функциите на шумите?

a) Производни.

b) Општокорисни.

c) Производни, заштитни и општокорисни.

9) Што е деградирана шума?

a) Шума која има намален квалитет на дрвото.

b) Шума која во значителна мера го изгубила квалитетот и способноста за прираст заради неповолно влијание на биотски, абиотски и антропогени

фактори.

c) Шума во која се врши редовна и планска сеча.

10)Што е копачење на шумите?

a) отстранување на целата шумска вегетација за пренамена на шумското земјиште

b) сечење на дрвата и копање на земјиштето.

c) орање на земјиштето за пренамена во земјоделско земјиште

11)Кои се производни функции на шумите?

a) производството на дрвната маса и другите шумски производи

b) производство на сенка

c) производство на други шумски производи

12)Што е пустошење на шума?

a) работи извршени спротивно на прописите, сеча во поголем обем која би значела копачење на шумите, пребирна сеча од појак интензитет, подбелување на стеблата, секоја активност која може да предизвика закоравување и измивање/ерозија на земјиштет

b) нарушување на шумскиот склоп на шумата

c) Сеча на шума со моторна пила

13)Што е пожар на отворен простор?

a) Шумско земјиште зафатено со пожар

b) Земјиште зафатено со пожар на голема површина

c) секое неконтролирано горење на шума и шумско земјиште, без оглед на зафатената површина, интензитет и причина за негово настанување, кој

опфаќа и горење на земјоделска површина и пасиште, поблиску од 200 м до работ на шумата

14)Што е шумски пожар?

a) Секој пожар во шума

b) Секој пожар во шума и шумско земјиште

c) секое неконтролирано горење на шума, шумско земјиште, без оглед на зафатената површина, интензитет и причина за негово настанување

15)Кои мерки се превземаат за заштита од пожари на отворен простор во управувањето со шумските пожари?

a) Директни мерки за гасење на пожарите

b) Превентивни, подготвителни и директни мерки

c) Се активира населението во гасење на пожарите.

16)Што се санитарни сечи?

a) од шумата се отстрануваат оштетените, заболените, сувите стебла со цел за спречување на натамошно ширење на штетното влијание

b) од шумата се отстрануваат сите суви стебла

c) контролирани сечи од страна претпријатието кое стопанисува со шумите

17)Што е чиста сеча?

a) отстранување на сите или скоро на сите дрвја на површината чие растојание на рабовите меѓу останатиот насад е поголем од две висини на средно стебло од насадот

b) отстранување на заболените и суви стебла

c) секоја сеча во шума се смета за чиста сеча

18)Што е шумарство?

a) Наука за сечење на шумите и нивна продажба

b) Наука за зачувување на шумите и шумските животни

c) Наука, вештина и практика на одржливо стопанисување со шуми и други природни ресурси кои се наоѓат во шума и на шумско земјиште

19)Што е шумски отпад/отпад после сеча?

a) Дрва оставени во шума после сеча

b) деловите на стеблата и гранките со дијаметар над 7 см кои не претставуваат

c) делови од стеблото кои остануваат во шумата по сеча како неупотребени за натамошно производство, освен деловите на стеблата и гранките со дијаметар над 7 см кои не претставуваат шумски отпад

20)Што се шумски патишта?

a) Неасвалтирани патишта кои се во склоп на шумата

b) Сите патишта во шума

c) патишта во кои се вклучени и другите патни инфраструктури кои се долж нивните правци кои се првенствено наменети за одгледување и користење на шумите

21)Што е шумски ред?

a) Секое сечење на шумата по ред се нарекува шумски ред

b) Секое пошумување по ред се нарекува шумски ред

c) состојба во шумата која обезбедува услови за нејзино одржување, обновување и унапредување на шумите, посебно за заштита од пожари, растителни болести и штетници, заштита на земјиштето под шума од настанување и развивање на ерозивни процеси поради сеча или

отстранување на дрвата од шума и заштита на подмладокот

22)Што преставува шумски жиг-означувач?

а) Чекич со втиснати бројки

b) печат за означување на стебла за сеча и посечена дрвна маса - дрвни сортименти

c) печатот во испратниците се нарекува шумски жиг-означувач

23)Што е шумско стопанска единица?

а) Шумско стопанска единица преставува издвоен дел од шумата во која се врши сеча

b) Шумскостопанска единица е дел од шумска област која по правило ја сочинува просторната целина од шума и шумско земјиште, а опфаќа цел шумски комплекс или само еден негов дел

c) Шумско стопанска единица е редоследно нумерирање на делови од шумата и по тој исти редослед се врши сеча на шумата

24)Каде е дозволено да се врши копачење на шуми и трајна пренамена на шумско земјиште заради изградба на објекти и вршење на работи од јавен интерес утврдени со закон?

а) на голини во шума и неочувани нискостеблени шуми, деградирани шуми и шикари

b) во високостеблени и нискостеблени шуми

c) во сите шуми за кои постојат услови за тоа.

25) Со што се уредуваат општокорисните функциите на шумите?

а) посебни закони

b) посебните планови за стопанисување со шумите

c) посебни акти издадени од претпријатието за стопанисување со шумите

26) Дали е забранета сеча на стебла, уништување на подмладок, собирање на семе од заштитени, загрозени и ретки видови на шумски дрвја во шума настанати по природен пат?

a) Да

b) Не

c) Делумно забранета

27) Преку што се остварува националната шумарска политика во Република Македонија?

a) Општ план за стопанисување со шумите.

b) Стратегијата за одржлив развој на шумарството во Република Македонија

c) Посебни планови за стопанисување со шумите

28) Кој ја донесува стратегијата за одржлив развој на шумарството?

a) Владата на Република Македонија

b) Собранието на република Македонија

c) Министерот за Земјоделство, шумарство и водостопанство

29) Колкава важност има стратегијата за одржлив развој на шумарството?

a) Важност од 10 години

b) Важност од 15 години

c) Важност од 20 години

30) Со што се утврдува поделбата/разграничувањето на шумите по намена, производни и заштитни?

a) Стратегијата за одржлив развој на шумарството

b) Националната инвентаризација

c) Општиот план за стопанисување со шумите

31) Колкава важност има општиот план за стопанисување со шумите во Република Македонија?

a) Важност од 10 години

b) Важност од 15 години

c) Важност од 20години

32) Кој го донесува општиот план за стопанисување со шумите во Република Македонија?

a) Владата на Република Македонија

b) Собранието на република Македонија

c) Министерот за Земјоделство, шумарство и водостопанство

33) Што преставува шумскостопанска единица која е природна и стопанска целина утврдена според орографските и хидрографските карактеристики, сообраќајниците и други природни и економски услови за управување и стопанисување со шумите и шумската инфраструктура?

a) Основна единица за планирање

b) Основна единица за сечење на шумите

c) Основна единица за научни цели

34) Од што е составена шумско стопанската единица?

a) Оддели

b) Пододдели

c) Оддели и пододдели

35) Колкава површина опфаќа шумско стопанската единица?

a) Од 10 до 1000 ха

b) Од 100 до 10.000 ха

c) Над 10.000 ха

36) Стопанисувањето со шумите во шумскостопанските единици се врши во согласност со?

a) Посебни планови за стопанисување со шумите

b) Програмата за стопанисување со шумите

c) Годишните планови за стопанисување со шумите

37) Врз основа на што се донесуваат посебните планови за стопанисување со шумите?

a) Општиот план за стопанисување со шумите

b) Стратегијата за одржлив развој на шумарството

c) Националната шумарска политика во Република Македонија

38) За што се донесуваат посебните планови?

a) Секоја шумско стопанска единица

b) Секој оддел

c) Секој пододдел

39) Посебните планови се донесуваат за сите шуми освен за шумите во приватна сопственост чија површина е под?

a) 10 ха

b) 20 ха

c) 30 ха

40) Со колкава важност се донесуваат посебните планови??

a) Важност од 5 години

b) Важност од 10 години

c) Важност од 15 години

41) Според кои критериуми стопанисуваат сопствениците на приватни шуми што се со површина до 10 ха а кои немаат изработено посебен план?

a) според критериумите за стопанисување со Државна сопственост

b) според критериумите за стопанисување со Приватна сопственост

c) според критериумите за стопанисување со Државна и приватна сопственост

42) Со семенски плантажи, ветрозаштини појаси на површина поголема од 2 ари, шумски култури и плантажи со површина поголема од 2 ари кои не се опфатени во шумскостопанска единица, како и за приватни шуми од 10 до 30 ха се стопанисува врз основа на?

a) Програма за стопанисување со шуми со важност од 10 години

b) Годишните планови за стопанисување со шумите со важност од 10 години

c) Посебни планови за стопанисување со шумите со важност од 10 години

43) Со колкава важност кориникот го донесува годишниот план за

стопанисување со шуми?

a) Со важност од 1 година

b) Со важност од 2 години

c) Со важност од 3 години

44) Изведбениот план за стопанисување со шумите се изработува на ниво на?

a) пододдел утврден со посебниот план обележан на терен

b) оддел утврден со посебниот план обележан на терен

c) оддел и пододдел утврден со посебниот план обележан на терен

45) Дали може да се забрани движење во шума заради зголемена опасност

од шумски пожари и каква е таа?

a) Може, целосно или делумно да се забрани движење во шума

b) Не може да се забрани движење во шума

c) Може но не

46) Кој ја донесува забраната за движење во шума?

a) органот на државната управа надлежен за работите од областа на

шумарството по барање на Јавното Претпријатие „Национални Шуми“ или другите субјекти задолжени за управување со шумите во заштитените подрачја

b) Јавното претпријатие „Национални шуми“

c) Собранието на РМ

47) Кога се врши сеча во шума?

a) Секогаш, кога за тоа има потреба

b) Само по претходно извршена ознака за сеча со втиснување на јасно

видлив шумски жиг – означувач

c) Само ако шумата е со лош квалитет

48) Што е стеблимична сеча?

a) сеча на одбрани поединечни стебла

b) сеча на одбрани групи стебла

c) сеча на сите стебла на површината од одделот/пододделот

49) Што е групимично пребирна сеча?

a) сеча на одбрани поединечни стебла

b) сеча на одбрани групи стебла

c) сеча на сите стебла на површината од одделот/пододделот

50) Што е површинска-чиста сеча?

a) сеча на одбрани поединечни стебла

b) сеча на одбрани групи стебла

c) сеча на сите стебла на површината од одделот/пододделот

51) Кој може да ги врши шумскокултурните работи за активностите на сеча и дотур во шумите со стопанска намена во државна сопственост?

a) Сите физички и правни лица

b) Сите правни лица за кои не треба да поседуваат лиценца за вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур

c) Правно лице кое поседува лиценца за вршење на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур

52) Каде се врши сеча во државна шума од страна на физички лица за сопствени потреби?

a) Во високостеблена шума

b) Во високостеблена и нискостеблена шума

c) Во нискостеблена шума

53) Дали може да се врши препродажба на дрво кое е набавено врз основа на сеча во државна шума од страна на физички лица за сопствени потреби?

a) Не смее да се препродава

b) Смее да се препродава

c) По желба на физичкото лице

54) Колкава е количината на дрвната маса за сеча во државна шума од страна на физички лица за задоволување на сопствени потреби?

a) Максимум 10 м3

b) Максимум 20 м3

c) Максимум 30 м3

55) За кого е дозволена сеча во државна нискостеблена шума за задоволување на сопствени потреби?

a) Само за лица кои живеат во урбани и рурални средини

b) Само за лица кои живеат во рурални средини со постојано место на живеење

c) Само за лица кои живеат во урбани средини

56) Како се врши сеча во шума во приватна сопственост?

a) без одобрение за сеча

b) секогаш, кога ќе посака сопственикот на приватната шума

c) само со одобрение за сеча

57) Дали одобрението за сеча во приватна шума издадено на име на сопственикот на шумата може да се отсатува на други лица?

a) не може

b) може

c) тоа е по желба на сопственикот на шумата

58) Кога ќе се издаде одобрение за сеча во приватна шума?

a) Секогаш кога сопственикот ќе посака

b) Само ако сопственикот на приватната шума ги исполнува условите согласно законот за шумите

c) Кга сопственикот има потреба од дрва

59) Со што мора да биде снабдено исеченото дрво во шума како и надвор од шума кога се превезува од местото на утовар или пренесува од место до место?

a) Да биде жигосано со втиснување на шумски жиг и снабдено со испратница

b) Да биде жигосано со втиснување на шумски жиг но не мора да е снабдено со испратница

c) Да биде снабдено со испратница но не мора да е жигосано со втиснување на шумски жиг

60) Со што мора да се снабдени производите од дрво (дрвен јаглен, рачки, прачки, колци, дрвен чипс, пелети, брикети и друго) кога се пренесуваат или превезуваат?

a) Мора да се снабдени со испратница

b) Не мора да се снабдени со испратница

c) Мора да се снабдени со фискална сметка

61) За што се издава испратница за исечено дрво и дрвни сортименти?

a) За секое преносно средство

b) За секое превозно средство

c) За секое превозно и преносно средство

62) Каде се издава испратницата за исечено дрво и дрвни сортименти?

a) Во претпријатието од каде се набавени дрвата

b) На местото на утовар

c) Надвор од шума при влез во рурална или урбана средина

63) Колкава е важноста на испратницата која се издава за исечено дрво и дрвни сортименти?

a) Важи за денот и часот за кој е издадена и важи за два превоза или преноса

b) Важи за денот и часот за кој е издадена и важи за повеќе од еден превоз или пренос

c) Важи за денот и часот за кој е издадена и важи за еден превоз или пренос

64) Што мора да имаат правните лица кои врши промет на дрво и дрвни сортименти во складовите како и пиланите, за набавените дрва и дрвни сортименти?

a) испратници од правните субјекти од каде потекнуваат дрвото и дрвните сортименти

b) купопродажен договор од правните субјекти од каде потекнуваат дрвото и дрвните сортименти

c) фактури од правните субјекти од каде потекнуваат дрвото и дрвните сортименти

65) Кој води евиденција за издадените и заверени испратници (регистар на издадени и заверени испратници)?

a) Правните субјекти кои стопанисуваат со државните шуми и правните субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја

b) органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството

c) шумската полиција

66) Дали правните лица кои врши промет на дрво и дрвни сортименти, до крајниот потрошувач мора да издадат испратница?

a) Да, но не мора

b) Не

c) Да

67) Дали превозникот при превезувањето, односно преносникот при пренесувањето на дрвото е должен да ја носи испратницата со себе?

a) Да, должен е да ја носи со себе

b) Не, не е должен да ја носи со себе

c) Да, но не е должен да ја носи со себе

68) Кога се врши жигосување и издавање на испратница?

a) За секое исечено дрво без разлика дали е исечено според одредбите на законот за шумите

b) само за дрво исечено според одредбите на законот за шумите

c) само кога дрвото е бесправно исечено

69) Како ќе се смета дрвото ако се превезува или пренесува без испратница и не е жигосано?

a) Бесправно исечено во шума

b) легално исечено во шума, според одредбите на законот за шумите

c) По желба од шумскиот полицаец (или бесправно или легално)

70) Дали складираните дрва мора да бидат жигосани и снабдени со испратница?

a) мора да се жигосани и снабдени со испратница

b) мора да се жигосани но не мора да се снабдени со испратница

c) не мора да се жигосани но мора да се снабдени со испратница

71) Со каква испратница мора да бидат снабдени исеченото дрво и дрвните сортименти кога се превезуваат од местото на утовар или пренесуваат од место до место?

a) Испратница во хартиена форам

b) Испратница во електронска форам

c) Испратница во хартиена и електронска форма

72) Откупот, преработката и прометот на дрво и дрвни сортименти е забранет, ако?

a) Не се снабдени со испратница

b) Не се жигосани

c) Не се жигосани и снабдени со испратница

73) Какви мора да бидат дрвата и дрвните сортименти на времените шумски складови и складовите?

a) наредени во фигури по класи и квалитет на сортиментите

b) издвоени по дрвни видови, дрвни сортименти (техничко или огревно дрво) и

наредени во фигури по класи и квалитет на сортиментите

c) издвоени по дрвни видови, дрвни сортименти

74) Кога правното лице може да биде регистрирано за промет на дрво и дрвни сортименти?

a) Ако претходно доставил барање до органот на државната управа надлежен за работите од обласtа на шумарството

b) Ако претходно доставил барање до Правните субјекти кои стопанисуваат со државните шуми и правните субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја

c) Ако претходно доставил барање до шумската полиција

75) Каде се води Регистар на правни лица кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти?

a) Во Владата на РМ

b) Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

c) Во шумската полиција

76) Кој го издава одобрението за извоз на техничко, огревно дрво и целулозно дрво?

a) органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството

b) Царинскатта управа

c) Владата на РМ

77) Како се врши чувањето на шумите во државна и во приватна сопственост?

a) двостепено

b) тростепено

c) четиристепено

78) Кој врши реонско чување на шумите?

a) Шумската полиција

b) Пропадниците на МВР

c) Шумочуварската служба

79) Кој го врши контролно-патролното чување на шумите?

a) Припадниците на МВР

b) Шумската полиција

c) Шумочуварската служба

80) Во чив состав е шумската полицијиа?

a) Во состав на МВР

b) во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

c) Во сотав на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Македонски шуми" и другите субјекти кои стопанисуваат и управуваат со заштитените подрачја без оглед на нивната намена

81) Каде шумочуварската служба врши реонско чување на шумите?

a) Во шумочуварски реони

b) На магистрални патишта

c) На локални патишта

82) Каде шумската полиција го предава бесправно посеченото дрво?

a) Во складовите на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Македонски шуми

b) Во складовите на правните лица кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти

c) Пред полициските станици при МВР

83) Кој документ го изготвува шумската полиција при предавање на бесправно посеченото дрво во складот?

a) Потврда за привремено одземени предмети

b) Известие

c) Записник

84) Кој подлежи на контрола на шумската полиција?

a) Граѓаните и сопствениците на приватни шуми

b) Правните лица кои вршат промет на дрво и граѓаните

c) Сите субјекти што стопанисуваат со шумите, други правни лица и граѓаните

85) Кој ги пропишува правилата за вршење на работите на шумскат полиција?

a) министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството

b) министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи

c) министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешни работи

86) Како е организирана шумската полиција?

a) Шумско-полициски станици, само во поголемите градови

b) Централна организациона единица сместена во Скопје

c) Централна организациона единица, сместена во Скопје и 30 шумскополициски станици низ целата територија на Република Македонија

87) Каков статус имаат шумските полицајци?

a) Овластени службени лица

b) Административни службеници

c) Јавни функционери

88) Со кој закон се утврдени должностите и овластувањата на ОСЛ во шумската полиција?

a) Закон за полиција и закон за внатрешни работи

b) Законот за кривичната постапка и кривичниот законик на РМ

c) Законот за шумите и Закон за вработените во јавниот сектор и административни службеници согласно Законот за администрација

89) Кој ја издава службената легитимација и значката на ОСЛ во шумската полиција?

a) Агенцијата за обезбедување имоти и лица

b) Министерството за внатрешни работи

c) органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството

90) Кој врши контрола врз работата на шумската полиција?

a) посебна организациска единица – внатрешна контрола

b) посебна агенција за ревизија

c) началникот на шумската полиција

91) Колку нивоа на работни места се утврдуваат за раководните работници од категорија А?

а) Три нивоа

b) Четири нивоа

c) Пет нивоа

92) Колку нивоа на работни места се утврдуваат за раководните работници од категорија Б?

а) Едно ниво

b) Две нивоа

c) Три нивоа

93) Ако вработениот шумски полицаец не го почитува работниот ред и дисциплина, ќе се смета за?

а) Полесен случај на неисполнување на работните обврските

b) Потежок случај на неисполнување на работните обврските

c) Нема да се смета никако, бидејќи истото не преставува неисполнување на работните обврските

94) Ако шумскиот полицаец внесува и употребува алкохол и наркотични средства или е под дејство на истите за време на работното време, ќе се смета за?

а) Полесен случај на неисполнување на работните обврските

b) Потежок случај на неисполнување на работните обврските

c) Нема да се смета никако, бидејќи истото не преставува неисполнување на работните обврските

95) Што носат ОСЛ на шумската полиција на своето работно место?

a) Униформа и се вооружени

b) Не носат униформа но се вооружени

c) Носат униформа но не се вооружени

96) Дали шумите во државна сопственост се предмет на продажба?

a) Да, само во случај кога вработените не можат да земат плата

b) Не

c) Да

97) Кој врши надзор над спроведувањето на одредбите од законот за шумите?

a) Шумската полиција

b) органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството

c) Државниот инспекторат за шумарство и ловство

98) Какво дело преставува пренесувањето, превезувањето на исечено дрво без да е жигосано или снабдено со испратница?

a) Кривично дело

b) Прекршочно дело

c) Во зависност од оценката на шумскиот полицаец

99) Какво дело преставува пустошењето на шуми?

a) Кривично дело

b) Прекршочно дело

c) Во зависност од оценката на шумскиот полицаец

1. Управни работи претставуваат...

а) сите акти и дејствија преку кои се изразуваат и извршуваат надлежностите на јавната администрација

б) активностите на Управниот суд

в) работите кои ги извршува Секторот за управни работи на Министерството за внатрешни работи

2. Во управните области за кои со закон е пропишана посебна постапка се постапува според одредбите на...

а) тој закон

б) Законот за општата управна постапка

в) тој закон, а за сите прашања кои не се уредени со истиот се постапува според одредбите на Законот за општата управна постапка

3. Органот надлежен за решавање на управната работа, заради полесно и побрзо извршување на дејствието или заради одбегнување на непотребни трошоци, вршењето на одделно дејствие во управната постапка може да му го довери на...

а) друг овластен орган за преземање на такво дејство

б) адвокат

в) нотар

4. Дејствијата што ги презема полномошникот во управната постапка во границите на полномошното...

а) имаат исто правно дејство како да ги презела самата странка

б) немаат исто правно дејство со дејствијата што ги презела странката

в) немаат никакво правно дејство

5. Во управната постапка, полномошно...

а) може да се даде писмено и усно на записник

б) не може да се даде

в) може да се даде само писмено

6. Лицето на кое поканата за учество во управната постапка лично му е доставена, ако не се јави на поканата, а изостанокот не го оправда...

а) може да биде приведено и казнето со глоба од 100 евра во денарска противвредност

б) нема да биде казнето

в) може да биде казнето со глоба од 50 евра во денарска противвредност

7. Доставувањето на писменото во управната постапка се врши по следниот редослед:

а) со предавање од страна на органот;по пошта; со јавна објава и на друг начин утврден со закон

б) по пошта; со јавна објава и на друг начин утврден со закон

в) со јавна објава и по пошта

8. По правило, доставувањето на писменото во управната постапка се врши...

а) во работен ден во периодот од 6,00-21,00 часот

б) секој работен ден во периодот од 8,30-16,30 часот

в) секој ден, освен во недела од 7,00 - 15,00 часот

9. Предавањето на писменото во управната постапка се потврдува со:

а) доставница која ја потпишуваат примачот и доставувачот

б) доставница која ја потпишува примачот

в) доставница која ја потпишува било кој возрасен член од семејството на примачот

10. Доставувањето по пошта на писменото во управната постапка се врши по пат на...

а) препорачана поштенска пратка

б) обична поштенска пратка

в) итна пратка

11. На странка чие живеалиште, односно седиште е непознато, или кога се работи за акти кои се однесуваат на повеќе странки, доставување на писмено во управна постапка се врши:

а) со јавна објава

б) преку Министерството за внатрешни работи

в) не се врши достава

12. Ако последниот ден на рокот за одредено дејствие во управна постапка е неработен ден, ден на државен и друг празник и неработен ден кој се празнува, рокот истекува на:

а) првиот нареден работен ден

б) првиот нареден ден

в) истиот ден

13. Роковите во управната постапка се сметаат на ...

а) денови, месеци и години

б) денови и месеци

в) денови и недели

14. Апсолутниот рок за враќање во поранешна состојба во управната постапка е ...

а) три месеци

б) шест месеци

в) еден месец

15. До кого се поднесува предлогот за враќање во поранешна состојба во управната постапка?

а) до органот кај кого требало да се изврши пропуштеното дејствие

б) до Управниот суд

в) до Државниот управен инспекторат

16. Тој што во текот на управната постапка потешко ќе го наруши редот или ќе стори поголема непријатност, може, покрај отстранувањето, да се казни со глоба во износ од:

а) 100 евра во денарска противвредност

б) 200 евра во денарска противвредност

в) 300 евра во денарска противвредност

17. Кој ја поведува управната постапка?

а) надлежниот орган по службена должност или по повод барање на странката

б) Управниот суд по службена должност

в) Државниот управен инспекторат по барање на странката

18. Кој акт ќе го донесе надлежниот орган кога ќе оцени дека нема услови за поведување на управната постапка?

а) заклучок

б) решение

в) одлука

19. Порамнувањето во управната постапка ...

а) се запишува во записник

б) се врши со донесување на решение

в) го врши Управниот суд

20. Порамнувањето во управна постапка мора да биде секогаш јасно и определено и не смее да биде на штета на јавниот интерес, на јавниот морал или на правниот интерес на трети лица

а) точно

б) неточно

21. Како постапува првостепениот орган во управна постапка, ако странката во дополнително определениот рок не поднела докази?

а) ја продолжува постапката и во согласност со правилата и материјалниот пропис ја решава управната работа

б) донесува заклучок за отфрлање на барањето

в) ја запира постапката со заклучок

22. Органот што ја води управната постапка мора да ја прекине постапката кога има претходно прашање кое се однесува на постоење на кривично дело, на постоење на брак, на утврдување на татковство или кога тоа е определено со закон

а) точно

б) неточно

23. Ако управната постапка е прекината поради решавање на претходно прашање кај надлежен орган, таа ќе продолжи откако решението донесено за тоа прашање ќе стане...

а) конечно

б) извршно

в) правосилно

24. Службеното лице кое ја води управната постапка определува усна расправа...

а) по своја иницијатива или по предлог од странката, кога е тоа корисно за разјаснување на работата

б) по предлог на Народниот правобранител

в) по наредба на Државниот управен инспекторат

25. Службеното лице кое ја води управната постапка мора да определи усна расправа...

а) во работите во кои учествуваат две или повеќе странки со спротивни интереси или кога треба да се изврши увид или сослушување на сведоци или вештаци

б) кога има наредба на Државниот управен инспекторат

в) кога постои предлог од Народниот правобранител

26. Службеното лице кое ја води управната постапка може да ја исклучи јавноста за целата усна расправа или само за еден нејзин дел.

а) точно

б) неточно

27. За исклучување на јавноста од усна расправа во управна постапка се донесува:

а) заклучок

б) решение

в) наредба

28. Во кој рок од денот на доставувањето на поканата ќе се одржи усната расправа во управната постапка?

а) по правило во рок од 8 дена

б) во рок од 5 дена

в) во рок од десет дена

29. Во управна постапка не треба да се докажуваат факти што се општо познати.

а) точно

б) неточно

30. Дали лице кое учествува во управна постапка во својство на државен службеник може да биде сведок?

а) не

б) да

31. Дали лице кое со свој исказ би ја повредило должноста за чување на информацијата со соодветен степен на тајност, може да се испита како сведок во управната постапка?

а) не може, додека надлежниот орган не го ослободи од таа должност

б) може, доколку на јавната расправа е исклучена јавноста

в) може, по истекот на две години од создавањето на информацијата

32. Сведоците во управната постапка се сослушуваат...

а) поединечно, без присуство на оние сведоци што подоцна ќе се сослушаат

б) заеднички

в) поединечно, во присуство на оние сведоци што подоцна ќе се сослушаат

33. Сослушаниот сведок во управната постапка....

а) не смее да си отиде без дозвола од службеното лице, кое ја води постапка

б) може да си отиде по дадениот исказ

в) е должен да присуствува кога другите сведоци даваат исказ

34. Службеното лице кое ја води управната постапка може сослушаниот сведок да го сослуша повторно

а) точно

б) неточно

35. Лице кое поради болест или телесна неспособност не може да дојде на поканата за сослушување во управната постапка...

а) ќе се испита во својот стан

б) ќе се сослуша по оздравувањето

в) нема да се сослуша

36. Дали во управната постапка, службеното лице е должно да ја предупреди странката за кривичната и материјалната одговорност за давање на лажна изјава?

а) да

б) не

37. На увидот во управната постапка, странките...

а) имаат право да присуствуваат

б) немаат право да присуствуваат

в) не се повикуваат

38. За обезбедување на доказите во текот на управната постапка ...

а) надлежен е органот што ја води постапката

б) се грижи странката по чие барање е поведена постапката

в) надлежно е вештото лице

39. Во управната постапка, решението...

а) мора да и се достави на странката во оригинал или заверен препис

б) и се доставува на странката во фотокопија

в) не и се доставува на странката, туку се објавува на огласна табла

40. Уводот на решението во управна постапка содржи:

а) назив на органот што го донесува решението, пропис за надлежност на тој орган, име на странката и на нејзиниот законски застапник или полномошник, ако го има и кратко означување на предметот на постапката

б) назив на органот што го донесува решението и пропис за надлежност на тој орган

в) назив на органот што го донесува решението, пропис за надлежност на тој орган и датум и место на донесување на решението

41. Кога е пропишано дека жалбата во управната постапка не го одлага извршувањето на решението, тоа мора да биде наведено во...

а) диспозитивот

б) правната поука

в) упатството за правно средства

42. Со упатството за правно средство во управната постапка странката се известува дали против решението...

а) може да изјави жалба или да поведе управен спор или друга постапка пред суд

б) може да изјави жалба или друга постапка пред суд

в) нема право на жалба

43. Кога против решението донесено во управната постапка може да се изјави жалба, во упатството се наведува:

а) на кого му се изјавува, на кој орган, во кој рок, во колку примероци, износот на административната такса, како и дека може да се изјави и на записник

б) на кого му се изјавува, на кој орган и во кој рок

в) во колку примероци се поднесува жалбата и износот на административната такса

44. Кога против решението донесено во управна постапка може да се поведе управен спор во упатството за правно средство се наведува:

а) на кој суд се поднесува тужбата и во кој рок

б) на кого му се изјавува тужба, на кој суд и износот на административната такса

в) до кој Управен суд се поднесува и во колку примероци

45. Против решението донесено во прв степен во управната постапка, странката има право на ...

а) жалба

б) тужба

в) приговор

46. Управен спор може да се поведе.....

а) доколку со закон не е утврдено право на жалба на решение на орган на државната управа

б) пред стварно и месно надлежен основен суд

в) пред Уставниот суд

47. По жалба против првостепено решение во управна постапка донесено од орган во состав на орган на државната управа со својство на правно лице решава...

а) функционерот кој раководи со органот на државната управа

б) Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

в) Комисија на Владата на Република Македонија за решавање на управна постапка во втор степен

48. Согласно Законот за општа управна постапка, против решение на Владата на Република Македонија...

а) не може да се изјави жалба, но може да се поведе управен спор

б) може да се изјави жалба до Уставен суд

в) може да се изјави жалба до Собранието на Република Македонија

49. Кој одлучува по жалба против решение донесено од градоначалникот во управната постапка?

а) надлежното министерство

б) Советот на општината

в) Управниот суд

50. Рокот за жалба за секое лице и за секој орган на кои им се доставува решението донесено во управната постапка се смета...

а) од денот на приемот на решението

б) од денот на доставувањето на решението

в) од денот на изготвувањето на решението

51. Што мора да содржи жалба на решение во управна постапка?

а) решението што се побива; назив на органот што го донел, број и датум на решението и наводи заради кои се поднесува жалбата

б) прилози кон жалбата во најмалку три примероци

в) конкретен предлог за постапување на органот кој одлучува по жалбата

52. Ако жалбата во управната постапка му е предадена или испратена непосредно на второстепениот орган, тој....

а) веднаш му ја испраќа на органот од прв степен

б) му ја испраќа на првостепениот орган најдоцна во рок од три дена

в) му ја испраќа на првостепениот орган најдоцна во рок од осум дена

53. Во управната постапка, кој испитува дали жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице?

а) првостепениот орган

б) второстепениот орган

в) писарницата на Управниот суд

54. Недопуштената, ненавремената или жалбата изјавена од неовластено лице, органот во прв степен ќе ја отфрли со...

а) решение

б) заклучок

в) одлука

55. При одлучување по жалба во управната постапка, второстепениот орган може ...

а) да ја одбие жалбата, да го поништи решението во целост или делумно или да го измени

б) да ја одбие жалбата или да го поништи решението

в) да го укине решението во целост

56. Ако во постапката по жалба во управната постапка, второстепениот орган утврди дека првостепеното решение го донел ненадлежен орган....

а) ќе го поништи тоа решение по службена должност и предметот ќе му го достави на надлежниот орган на решавање

б) ќе го укине тоа решение

в) ќе одлучи мериторно по жалбата

57. Ако странката се откаже од поднесената жалба, управната постапка во втор степен се запира со...

а) заклучок

б) решение

в) записник

58. Кој го доставува решението донесено во втор степен во управната постапка до странката?

а) првостепениот орган

б) второстепениот орган

в) Државниот управен инспекторат

59. Во кој рок првостепениот орган во управната постапка е должен да го достави до странките второстепеното решение?

а) осум дена од денот на приемот на решението со списите

б) 15 дена од денот на приемот на решението

в) 30 дена од денот на приемот на решението

60. Заклучокот со кој се дозволува повторување на управната постапка, го одлага извршувањето на решението против кое е дозволено повторување

а) точно

б) неточно

61. Против решението донесено во управна постапка, во втор степен не е допуштена жалба

а) точно

б) неточно

62. Против првостепеното решението донесено во управна постапка, странката има право на жалба во рок од ...

а) 15 дена, без оглед на посебниот закон

б) 15 дена, ако со закон поинаку не е определено

в) 7 дена

63. Решението против кое не е изјавена жалба во управната постапка, или жалбата е искористена, а со кое странката се стекнала со некое право, односно со кое на странката и е определена некаква обврска...

а) станува конечно во рок од 15 дена од денот на врачувањето

б) е конечно во управна постапка

в) не е конечно во управната постапка

64. Решението станува правосилно доколку странката...

а) се откаже од правото на жалба

б) поднесе тужба до Врховниот суд на Република Македонија и поведе управен спор

в) поднесе жалба до надлежниот второстепен орган

65. Управни акти се сите оние акти и дејствија...

а) со кои што се решава за правата, обврските и интересите на странките во судската постапка

б) со кои што се решава за правата, обврските и интересите на странките во управната постапка

в) кои ги донесува или презема Управниот суд на Република Македонија

66. Странка во управната постапка е...

а) лице по чие барање е поведена постапка

б) лице по чие барање е поведена постапката или против кое се води постапката, или кое заради заштита на своите права и интереси има право да учествува во постапката

в) лице кое има поведена постапката,заради заштита на своите права и интереси пред надлежен Основен суд

67. Доставувањето на писменото (поканата, решението, заклучоците и другите службени списи) се врши...

а) со предавање по пошта

б) со предавање од страна на органот, по пошта, јавна објава и на друг начин утврден со закон

в) со предавање од страна на органот

68. Писменото решение во управната постапка ги содржи следните делови:

а) увод, диспозитив, образложение, упатство за правно средство, со назив на органот, број и датум, потпис на службеното лице и печат на органот

б) увод, диспозитив, образложение, назив на органот,број и датум,потпис на службеното лице и печат на органот

в) увод, диспозитив, и упатство за правно средство, назив на органот, број и датум, попис на службеното лице и печат на органот

69. Органот што го донел решението, односно службеното лице што го потпишало или издало решението...

а) грешките во имињата или броевите, пишувањето или сметањето, како и други очигледни неточности во решението или неговите заверени преписи ги исправа со решение

б) може во секое време да ги исправи грешките во имињата или броевите, пишувањето или сметањето, како и други очигледни неточности во решението или неговите заверени преписи, со заклучок

в) не може да врши исправки на грешките

70. Со каков акт органот на државната управа одлучува за прашања што се однесуваат на управната постапка

а) со упатство

б) со заклучок

в) со решение

71. За усна расправа или за друго поважно дејствие во управната постапка, како и за поважни усни изјави на странките или на трети лица во постапката ...

а) се составува записник

б) се составува службена белешка

в) се подготвува решение

72. По жалбата на решение донесено на управна постапка, второстепениот орган мора да се произнесе...

а) најдоцна во рок од еден месец сметајќи од денот на предавањето на жалбата, ако со посебен пропис не е определен пократок рок

б) најдоцна во рок од два месеци сметајќи од денот на предавањето на жалбата, ако со посебен пропис не е определен пократок рок

в) најдоцна во рок од 15 дена сметајќи од денот на предавањето на жалбата, ако со посебен пропис не е определен пократок рок

73. Со поништувањето на решението донесено во управна постапка...

а) не се поништуваат правните последици што ги произвело таквото решение

б) се поништуваат и правните последици што ги произвело таквото решение

в) правните последици што ги произвело таквото решение остануваат

74. Со укинување на решението донесено во управна постапка...

а) се поништуваат правните последици што решението веќе ги произвело, и се оневозможува натамошно произведување на правни последици од решението

б) се поништуваат правните последици што решението веќе ги произвело, и се овозможува натамошно произведување на правни последици од укинатото

решение

в) не се поништуваат правните последици што решението веќе ги произвело, но се оневозможува натамошно произведување на правни последици од укинатото решение

75. Управен спор се поведува во рок од …

а) 6 месеци од денот на доставувањето на управниот акт до странката

б) 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката

в) 60 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката

76. Инспекциските надзори во управната постапка се вршат...

а) по службена должност и поднесени претставки, предлози и иницијативи од граѓаните

б) само по службена должност

в) само по претставки, предлози и иницијативи поднеси од граѓаните

77. Управен спор може да се поведе против управниот акт донесен во...

а) прв степен

б) втор степен кој станал правосилен

в) втор степен, како и против првостепен управен акт, кога не е предвидена правна заштита во управна постапка во втор степен

78. По жалба против првостепено решение на орган во состав на органот на државната управа

а) решава државниот секретар на органот на државната управа

б) решава функционерот кој раководи со органот на државната управа

в) решава Комисија за решавање во управна постапка и постапка од работен

однос во втор степен

79. Управните спорови во Република Македонија ги решаваат

а) Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија

б) Управниот суд и Вишиот управен суд

в) Управниот суд и основните судови со проширена надлежност

80. По предметите за донесување на времена мерка во управните спорови судот одлучува во рок од

а) 15 дена

б) 7 дена

в) 3 дена

81. Бројот на судии во Управниот суд се определува со:

а) Одлука на министерот за правда

б) Закон

в) Одлука на Судскиот совет на Република Македонија

82. Во втор степен Вишиот управен суд одлучува:

а) во совет од пет судии

б) судија поединец

в) во совет од тројца судии

83. Управен спор се поведува со:

а) жалба

б) тужба

в) тужба или жалба

84. Тужба за поведување на управен суд се поднесува во рок од...

а) 60 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката

б) 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката

в) 15 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката

85. Ако тужбата е поднесена ненавремено, Управниот суд ќе ја отфрли со:

а) решение

б) заклучок

в) одлука

86. Против одлука на Управниот суд може да се изјави жалба во рок од :

а) 15 дена

б) 8 дена

в) 30 дена

87. Против одлука на судот донесена по тужба за повторување на постапката, барање за заштита на законитоста може да поднесе:

а) Државниот правобранител на Република Македонија

б) Јавниот обвинител на Република Македонија

в) Јавен обвинител на основно јавно обвинителство

88. По барање за заштита на законитоста одлучува:

а) Вишиот управен суд

б) Врховниот суд на Република Македонија

в) Судскиот совет на Република Македонија

89. Во управните спорови судот одлучува за...

а) уставноста и законитоста на актите и за управната работа

б) уставноста и законитоста на актите и за надомест на штета

в) законитоста на актите и управната работа

90. Ако актот кој се оспорува не е управен акт, Управниот суд ќе ја...

а) одбие тужбата со решение

б) отфрли тужбата со заклучок

в) отфрли тужбата со решение

91. Во случај на откажување на тужителот од тужбата до донесување на одлука, Управниот суд...

а) со заклучок ќе ја запре постапката

б) ќе донесе пресуда

в) со решение ќе ја запре постапката

92. Кога со управен акт или со управен договор се повредени законот или јавниот интерес, управен спор може да поведе:

а) Државното правобранителство на Република Македонија

б) Јавниот обвинител на Република Македонија

в) Народниот правобранител

93. Во управен спор се одлучува за...

а) именување, назначување и разрешување на раководни државни службеници ако поинаку не е определено со закон

б) именување, назначување и разрешување на раководни јавни службеници

в) права од работен однос на државните и јавните службеници

94. Со пресуда со која се поништува оспорениот управен акт, во однос на надоместокот на штета, судот ќе го упати тужителот своето барање да го оствари во:

а) кривична постапка

б) парнична постапка

в) управен спор пред повисок суд

95. За повторување на постапката, одлучува:

а) совет од тројца судии

б) совет од петмина судии

в) судија поединец

96. По тужба за повторување на постапката одлучува:

а) Врховниот суд на Република Македонија

б) повисокиот суд

в) Судот пред кој е завршена постапката

97. За тужбата за повторување на постапката судот одлучува на:

а) Јавна седница

б) Нејавна седница

в) подготвителна седница

98. Против решение по предлог за заштита поради незаконито дејствие одлучува:

а) Врховниот суд на Република Македонија

б) Вишиот управен суд на Република Македонија

в) Управниот суд на Република Македонија

1. Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат:

а) две години од денот кога е сторен прекршокот

б) три години од денот кога е сторен прекршокот

в) една година од денот кога е сторен прекршокот

2. Изречената прекршочна санкција не може да се изврши ако од денот на правосилноста на одлуката за прекршокот поминале:

а) три години

б) две години

в) една година

3. Надлежните државни органи овластени за поведување на прекршочна постапка се должни да му предложат на сторителот на прекршокот една од забрзаните постапки, пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка, ако:

а) тоа е определено со закон

б) инспекторот тоа го побара

в) странката тоа го побара

4. Против одлуката за прекршок што ја донел прекршочниот орган може да се поднесе жалба преку прекршочниот орган до:

а) државна комисија

б) ресорниот министер

в) инспекциски совет

5. Против пресуда и решение на првостепениот суд може да се изјави

а) жалба до второстепениот суд

б) жалба до инспекциски совет

в) тужба пред Управен суд

6. Против одлуката за прекршок што ја донела Државната комисија може да се поднесе:

а) жалба до Врховен суд

б) тужба за поведување на управен спор

в) жалба до Виш управен суд

7. Постапката пред првостепениот суд мора да се заврши

а) во рок од 3 месеци од денот на поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка

б) најдоцна во рок од 12 месеци од денот на поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка

в) во рок од 6 месеци од денот на поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка

8. За прекршоци за кои е пропишана глоба над 15.000 евра во денарска противвредност постапката пред прекршочната комисија мора да се заврши

а) во рок од 6 месеци од денот на поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка

б) во рок од 3 месеци од денот на поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка

в) најдоцна во рок од 12 месеци од денот на поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка

9. Со законот со кој се пропишува прекршок за изрекување глоба со мандатен платен налог може да се пропише износ кој за физички лица не може да биде поголем

а) од 50 евра во денарска противвредност

б) од 500 евра во денарска противвредност

в) од 1000 евра во денарска противвредност

10. Со законот со кој се пропишува прекршок за изрекување глоба со мандатен платен налог може да се пропише износ кој за правно лице не може да биде поголем

а) од 1.500 евра во денарска противвредност

б) нема ограничување

в) од 5.000 евра во денарска противвредност

11. Во одлуката за прекршокот се определува рокот за плаќање на глобата кој не може да биде пократок:

а) од 15 дена ниту подолг од 90 дена од денот на правосилноста односно конечноста на одлуката

б) од 8 дена ниту подолг од 30 дена од денот на правосилноста односно конечноста на одлуката

в) од 1 месец ниту подолг од 6 месеци од денот на правосилноста односно конечноста на одлуката

12. Кога прекршокот е сторен под особено олеснувачки околности, глобата за физичко лице може да се ублажи

а) за една половина

б) не може

в) за една третина

13. Глобата за одговорно лице во правно лице е:

а) од 15 евра во денарска противвредност до 1.000 евра во денарска противвредност

б) 30% од одмерената глоба за правното лице

в) од 50 евра во денарска противвредност до 2.000 евра во денарска противвредност

14. Глобата за одговорно лице во трговец поединец е:

а) 30% од одмерената глоба за трговец поединец

б) од 15 евра во денарска противвредност до 1.000 евра во денарска противвредност

в) од 50 евра во денарска противвредност до 2.000 евра во денарска противвредност

15. На сторителот на прекршокот може да му се забрани вршење определена професија, дејност или должност од страна на судот и тоа:

а) најдолго до една година, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката

б) од 6 месеци до 5 години

в) најмалку три дена до најмногу 30 дена

16. Во одлуката од судот со која на правното лице односно трговец поединец се изрекува санкција привремена забрана на вршење одделна дејност се определува траењето на санкцијата:

а) кое не може да биде пократко од шест месеца ниту подолго од три години

б) кое не може да биде пократко од три месеца ниту подолго од три години

в) кое не може да биде пократко од три месеца ниту подолго од пет години

17. За прекршоци на правни лица и трговец поединец може да се изречат следниве санкции:

а) опомена, глоба и забрана за вршење на професија, дејност или должност

б) глоба и привремена забрана за вршење одделна дејност

в) опомена, глоба и привремена забрана за вршење на одделна дејност

18. По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата:

а) во рок од 15 дена од приемот на прекршочниот платен налог

б) во рок од 8 дена од приемот на прекршочниот платен налог

в) во рок од 30 дена од приемот на прекршочниот платен налог

19. Сторителот кој ќе ја плати глобата во законскиот рок од приемот на прекршочниот платен налог:

а) ќе плати 30% од изречената глоба

б) ќе плати половина од изречената глоба

в) ќе плати 70% од изречената глоба

20. Присилното лекување во специјализираната установа може да трае:

а) најдолго 3 месеци

б) најдолго две години

в) најдолго една година

21. Една од забрзаните постапки е:

а) постапка за спогодување со физички и правни лица

б) постапка за медијација со физички и правни лица

в) постапка за посредување со физички и правни лица

22. Против одлуката за прекршок што ја донел прекршочниот орган може да се поднесе жалба во рок од:

а) 15 дена

б) 8 дена

в) 30 дена

23. За судир на надлежност меѓу судовите и прекршочните органи одлучува:

а) Прекршочната комисија

б) Судот и прекршочниот орган спогодбено

в) Врховниот суд на Република Македонија

24. За присилно извршување на глобата важат одредбите од:

а) Законот за даночната постапка

б) Законот за извршување на санкциите

в) Законот за кривичната постапка

25. Забрана на управување со моторно возило може да се определи во траење:

а) од 30 дена до 1 година

б) од 3 месеци до три години

в) од 6 месеци до пет години

26. Задржување на лица под дејство на алкохол или на други психотропни супстанци може да одреди Министерството за внатрешни работи и истото трае:

а) најмногу 24 часа

б) најмногу 12 часа

в) најмногу 48 часа

27. Задржување странец во прифатен центар одреден од страна на судот може да трае:

а) најмногу 24 часа

б) најмногу 48 часа

в) до 30 дена

28. Судот што ја води прекршочната постапка со решение ќе ја запре ако:

а) ако кај обвинетиот настапила привремена душевна болест

б) ако глобата е платена

в) ако не може да се утврди живеалиштето или не е достапен на државните органи

29. Ако постапката за спогодување не успее, комисијата за спогодување:

а) поднесува тужба за поведување на управен спор

б) го известува надлежниот орган кој го констатирал прекршокот

в) поднесува барање за поведување на прекршочна постапка

30. Санкциите изречени за претходно сторен прекршок не може да се сметаат за отежнувачка околност спрема полнолетен сторител, ако од денот на правосилноста на одлуката за прекршок до сторување на новиот прекршок поминале:

а) повеќе од 3 години

б) повеќе од 5 години

в) повеќе од 2 години

1.Лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со:

а. Решение

б. Одлука

в. Правосилна судска одлука

2.Во кривичната постапка службен јазик е:

а.македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, како и службениот јазик и писмото што ги употребува граѓанинот

б.македонски јазик и неговото кирилско писмо

в.македонски и англиски јазик

3.Странки во судксата постапка се:

А.тужителот и обвинетиот

Б.тужителот, обвинетиот и трети заинтересирани страни

В.судијата и јавниот обвинител

4.Лицето за кое со правосилна пресуда е утврдено дека е кривично одоговорно за определено кривично дело е:

А.осомничен

Б.обвинет

В.осуден

5.Судовите во кривичните предмети судат во границите на својата:

А. Стварна и месна надлежност

Б. Поделена надлежност

В. Ненадлежност

6.Судирот на надлежноста меѓу судовите го решава:

А.Апелациониот суд

Б. Заеднички непосредно повисокиот суд

В. Врховниот суд

7.Пресудата и решението стануваат правосилни кога не може повеќе да се побиваат со:

А. Жалба или кога не е дозволена жалба

Б. Противтужба

В. Претставка

8.Јавниот обвинител во случаи определни со закон може да се откаже од кривичното гонење до завршување на кривичната постапка

А.точно

Б.неточно

9.Кое од следниве дејствија не е право на оштетениот во кривичната постапка:

А. да поднесе жалба под условите предвидени со овој

Б.да има полномошник

В.да се откаже од своите права

Г.да укажува на факти и предлага докази

10. За секој извршен претрес се составува:

А. Записник

Б. Извештај

В. Сценарио

11.Повикување на сведок се врши со:

А. Испраќање на официјален службен E-mail

Б. Лично или преку телефонски повик

В. Со доставување писмена покана

12. На кого не се однесува исклучувањето на јавноста, односно кој останува да го следи судскиот процес во кој е исклучена јавноста?

А. Странките, оштетениот, нивните застапници и бранителот

Б. Третите заинтересирани страни

В. Медиумите

13.Изреката на пресудата содржана во записникот за главниот претрес претставува:

А.Поука

В.Образложение

В.Изворник

14. Во кој рок овластените лица можат да изјават жалба против пресуда на првостепениот суд?

А. во рок од 15 дена од денот на доставувањето на преписот на пресудата

Б. во рок од 8 дена од денот на донесувањето на пресудата

В. Во рок од 5 дена од последното судско рочиште

15. Следниов исказ:

Жалбата треба да содржи

1) означување на пресудата против која се изјавува жалбата;

2) основа за побивање на пресудата (член 354);

3) образложение на жалбата;

4) предлог побиваната пресуда наполно или делумно да се укине или преиначи

5) на крајот, потпис на лицето кое изјавува жалба, е:

А.Точен

Б.Делумно точен

В.Неточен

16. Кој врши вкрстено испитување на сведоците на главната расправа?

А.Судијата

Б.Јавниот обвинител

В.Спротивната страна

17. Како ќе постапи првостепениот суд со ненавремена и недозволена жалба:

А. Ќе ја отфрли со решение

Б. Ќе ја одбие со указ

В. Ќе ја поништи

18. Дали смее да се измени пресудата на штета на обвинетиот, ако е изјавена жалба само во негова корист:

А.Смее

Б.Не смее

19.Казната затвор може да се изрече само како: КЗ

а.Споредна казна

б.Главна казна

в.Главна и споредна казна

20.Паричната казна може да се изрече како: КЗ

а.Споредна казна

б.Главна казна

в.Главна и споредна казна заедно со казната затвор

21. Казната доживотен затвор не може да се изрече на сторител кој во време на извршување на кривичното дело не навршил: КЗ

а.18 година од животот

б.21 година од животот

в.16 години од животот

22. Кој раководи со главниот претрес во постапката?

а.Претседателот на советот

б.Судијата-поединец

в.Јавниот обвинител

23. Главниот претрес мора одново да почне и сите докази да се изведат повторно, ако:

а. Јавниот обививинител бил отсутен повеќе од 30 дена

б.Одлагањето траело подолго од 60 дена или ако главниот претрес се одржува пред друг претседател на советот

в.Одлагањето траело повеќе од 45 дена поради заштитените сведоци

24. Одрекување од правото на жалба по објавување на првостепената пресуда:

а.може да се отповика

б.не може да се отповика

25.Правното лице е одговорно за кривичното дело сторено од:

а.управителот на правното лице

б.вработените кои управителот ги овластил со писмено овластување

в.одговорно лице во правното лице, во име, за сметка или во корист на правното лице

26. До кого се поднесува жалбата изјавена против пресудата на првостепен суд?

а.до месно надлежниот суд

б.до непосредно повисокиот суд

в.до судот што ја изрекол првостепената пресуда

27. Како ќе постапи повисокиот суд ако е изјавена жалба од лице кое се одрекло од правото на жалба?

а.ќе ја усвои како основана

б.ќе ја уважи како дозволена (допуштена)

в. ќе ја отфрли со решение како недозволена (недопуштена)

28. Што е судија известител во жалбена постапка?

а.Оној што ги известува странките за текот на постапката

б.Тој го чита предметот и го реферира на седница на советот

в.Судијата што го известува советот за поднесување на жалбата

29. Дали во текот на расправата пред советот на второстепениот суд, судијата известител дава свое мислење за основаноста на жалбата:

а. да, тој по изложувањето на состојбата дава свое мислење за основаноста на жалбата

б. не, тој само ја изложува (излага) состојбата на работите, не давајќи свое мислење за основаноста на жалбата

30.Кога седницата на советот на второстепениот суд е јавна?

а.по барање на странките за кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од над пет години

б.по мнозинска одлука на советот на второстепениот суд

в.по барање на јавниот обвинител

31. Дали на расправата пред второстепениот суд се изведуваат докази?

а.Да

б.Не

32. Какви можат да бидат казнено-поправните установи?

а. казнено-поправни домови

б. затвори

в. казнено-поправни домови и затвори

33. Каде се установува судија за извршување на санкциите?

а.Во сите апелациони судови

б.Во сите судови

в. Во сите основни судови се установува судија за извршување на санкциите

34. Кој и со каков акт ги определува видовите и начините на третман на осудените лица?

а.Претседателот на Врховниот суд на Р.М. со одлука

б.Министерот за правда со општ акт

в. Судијата кој ја изрекол пресудата со пресудата

35. Кој субјект ја поведува постапката за наплата на прекршочна санкција - глоба спрема полнолетни сторители?

а. по службена должност ја поведува судот што ја изрекол глобата во прв степен

б. по службена должност ја поведува извршител

в. подрачната единица на МВР

36. Во кои случаи судот може да одлучи главниот претрес во скратена постапка да се одржи во отсуство на обвинетиот?

а. Ако обвинетиот е малолетно лице

б.Ако обвинетиот е старо и изнемоштено лице

в.Под услов неговото присуство да не е нужно

37. Во кои случаи јавниот обвинител може да му предложи на судијата-поединец да донесе пресуда без одржување на главниот претрес?

а.Во случај на итност на постапката

б.Кога се располага со доволно докази

в.Кога странките ќе постигнат спогодба

38.На кој начин (преку кои органи) се доставува молбата за екстрадиција на странец?

а.Преку службена комуникација на судовите на двете држави

б.По молба од странска држава поднесена по дипломатски пат

в.По молба од Претседателот на странската држава поднесена по дипломатски пат

39. Доказите се изведуваат според правилата за изведување докази на:

а.главна расправа

б.судска постапка

в.скратена постапка

40. Во кривичната постапка одлуките се донесуваат во форма на:

а. затворска и парична казна

б. пресуда, решение, наредба и казнен налог

в. правосилна судска одлука

41. Пресудата и решението стануваат правосилни кога:

а. не може повеќе да се побиваат со жалба или кога не е дозволена жалба

б. обвинетиот ја признал вината

в.извршувањето на пресудата и решението не е можно

42. Признанието обвинетиот согласно новиот ЗКП од 2010 година може да го даде:

а. во три процесни моменти

б.во било кој момент

в. исклучиво на главната расправа

43. За сведоците кои се предложени од странките како доказно средство,

согласно ЗКП од 2010 година, нивното сослушување во доказната постапката

е:

а.задолжително дејствие

б. директно, вкрстено и дополнително испитување

в. од голема важност за исходот на постапката

44. Пресудата се изрекува:

а. Во име не обвинителот

б. Во име на судијата-поединец или судскиот совет

в. јавно и во името на граѓаните на Р.М.

45. При објавувањето на пресудата претседателот на советот ќе ги поучи странките:

а.за правото на жалба, како и за правото на одговор на жалбата

б.за правото да не постапат по пресудата

в.за облигаторноста на пресудата

46.Претседателот на советот ќе ја објави пресудата:

а.Веднаш откако судот ќе ја изрече пресудата

б.Во рок од 3 дена во Службен весник

в.Во рок од 5 дена по согласност на сите странки

47.Потерница и објава распишува:

а.Министерството за внатрешни работи - МВР

б.Министерството за надворепни работи - МНР

в.Министерството за правда

48.Притворот во скратена постапка, по изрекување на осуда на казна затвор може да трае до правосилноста на пресудата, но најдолго:

а.30 дена

б.60 дена

в.180 дена

49. Испитување на обвинетиот на главната расправа се врши:

а. Директно, вкрстено и дополнително

б. По предлог на одбраната

в. По предлог на јавниот обвинител

50.Директно испитување врши:

а. Судијата-поединец и Претседателот на судскиот-совет

б. Јавниот обвинител

в. Странката која го предложила сведокот

51. Заокружи два точни одговори:

Главната расправа која е одложена започнува одново

А. Ако се изменил составот на советот или судијата поединец

Б. Ако одлагањето трае подолго од 90 дена

В. Ако за тоа се согласни странките

52. Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации се врши со

А. Писмена наредба на Јавниот обвинител (посебна истражна мерка)

Б. Писмена наредба на судијата-поединец

В. Усмена констатација заведена во записник на главното рочиште

53. Наредба за спроведување на истражна постапка донесува

А. Началникот на подрачната единица на МВР

Б. Судија на претходна постапка

В. Јавниот обвинител

54. Наредба за претрес на лица издава

А. Началникот на подрачната единица на МВР

Б. Судија на претходна постапка

В. Јавниот обвинител

55. Кривична пријава се поднесува до

А. Началникот на подрачната единица на МВР

Б. Судија на претходна постапка

В. Надлежниот јавен обвинител

56. Заокружи еден точен одговор:

Истражно дејствие во постапка не е

А. Претрес

Б. Испитување на сведоци

В. Поднесување на жалба

57. Барање за одржување на доказно рочиште може да поднесат

А. Обвинетиот и Јавниот обвинител

Б. Тужителот и трети заинтересирани страни

В. Обвинетиот и судијата

58. Осомничениот има право да поднесе писмен приговор против обвинителниот акт

А. Во рок од 8 дена од прием на обвинителниот акт

Б. Во рок од 15 дена од прием на обвинителниот акт

В. Во најкраток можен рок

59. Изјава за признавање на вина обвинетиот може да поднесе

А. Во однос на сите кривични дела содржани во обвинителниот акт

Б. Во однос на одделни кривични дела содржани во обвинителниот акт

В. Во однос на сите или одделни кривични дела содржани во обвинителниот акт

60. Заокружи два точни одговори: КЗ

Цел на казнувањето, покрај остварување на правдата е

А. Да се одмери соодветна санкција за сторителот на кривичното дело

Б. Спречување на сторителот да врши кривични дела и негово превоспитување

В. Воспитно да се влијае врз другите да не вршат кривични дела

61. Во кој состав на совети судат судовите во трет степен?

А. Совет од 3 судии

Б. Совет од 5 судии

В. Совет од 7 судии

62. По жалби против решенија на истражниот судија како и против други решенија кога тоа е определено со ЗКП, надвор од главен претрес одлучува совет составен од:

А. Тројца судии - т.н. кривичен совет

Б. Петмина судии - т.н. кривичен совет

В. Седумина судии - т.н. кривичен совет

63. За барање за вонредно ублажување на казна, одлучува совет составен од:

А. Петмина судии

Б. Тројца судии

В. Тројца судии или петмина судии, во зависност од тежината на кривичното дело

64. Месно надлежен по правило е судот

А. На чие подрачје е извршено или обидено кривичното дело

Б. На чие подрачје има живеалиште односно седиште сторителот

В. На чие подрачје има живеалиште односно седиште овластениот Тужител

65. Ако кривичното дело е извршено или обидено на подрачја на различни судови или на границата на тие подрачја или е неизвесно на кое подрачје е извршено или обидено надлежен е:

А. Судот до кој прво е поднесено барањето за поведување на постапката

Б. Судот кој се наоѓа непосредно поблиску до подрачјето на извршување или обидување

В. Судот кој се наоѓа поблиску до живеалиштето на овластениот тужител

66. Ако кривичното дело е сторено на домашен брод или на домашен воздухоплов додека се наоѓа во домашно пристаниште, надлежен е судот

А. На чие подрачје се наоѓа тоа домашно пристаниште

Б. На чие подрачје е регистриран бродот односно воздухопловот

В. Непосредно повисокиот, односно апелациониот суд за тоа подрачје

67. Кое е основното право и должност на Јавниот обвинител, според ЗКП?

А. Да ги гони сторителите на кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност

Б. Да прима кривични пријави за сторени кривични дела од приватните тужители

В. Да дава извештај на Вишото Јавно обвинителство за преземените дејствија

68. Со чија одлука се формираат истражните центри според ЗКП од 2010 год.?

А. Со одлука на Јавниот обвинител на Република Македонија

Б. Со одлука на Правосудната полиција

В. Со одлука на Министерството за внатрешни работи

69. Кој ја спроведува истражната постапка според ЗКП од 2010 година?

А. Надлежниот Јавен обвинител, при што на располагање ја има правосудната полиција

Б. Надлежниот началник од МВР, при што на располагање ја има правосудната полиција

В. Јавниот обвинител на Р.М., при што на располагање ја има правосудната Полиција

70. Кој донесува наредба за спроведување истражна постапка, според ЗКП од 2010 год.?

А. Јавниот обвинител

Б. Претседателот на судскиот совет

В. Судијата-поединец

71. По спроведедување на дејствијата за признавање на вина во текот на главната расправа од страна на судот, во доказна постапка кои докази понатаму ќе се изведуваат – според ЗКП од 2010 година?

А. Само оние докази кои се однесуваат на утврдување на фактичката состојба

Б. Само оние докази кои се однесуваат на одлуката за санкцијата

В. Само оние докази кои се однесуваат на утврдување на вистинитоста на исказот за признавање на вината

72. Кој ја закажува главната расправа?

А. Претседателот на советот, со наредба

Б. Судијата-поединец, со наредба

В. Јавниот обвинител, со одлука

73. Кое е местото на одржување на главната расправа?

А. На терен, каде што е сторено кривичното дело

Б. Во седиштето на судот и во судската зграда

В. Во домот на обвинетиот

74. Главната расправа е јавна

А. Точно

Б. Неточно

В. Делумно точно

75. Кој донесува одлука за исклучување на јавноста?

А. Советот на судии, со решение кое мора да биде образложено и јавно објавено

Б. Претседателот на советот

В. Надлежниот Јавен обвинител

76. Кој одлучува за одлагањето и прекинувањето на главната расправа?

А. Странките во постапката

Б. Приватниот тужител

В. Судот

77. Која треба да е висината на предложената парична казна со казнениот налог - според ЗКП од 2010 година?

А. парична казна во висина од 10 до 100 дневни глоби

Б. парична казна во висина од 50 до 100 дневни глоби

В. парична казна во висина од повеќе од 100 дневни глоби

78. Колкаво треба да биде времетраењето на предложената казна Забрана за управување со моторно возило со казнениот налог – според ЗКП од 2010 година?

А. До 6 месеци

Б. До 18 месеци

В. До 2 години

79. Заокружи ги сите точни одговори (три):

Кои лица се ослободени од должноста да сведочат?

А. Брачниот и вонбрачниот другар на обвинетиот

Б. Соседите на обвинетиот

В. Роднините на обвинетиот по крв во права линија, роднините во странична линија заклучно до трет степен, како и роднините по сватовство заклучно до вториот степен

Г. посвоеник и посвоител на обвинетиот

80. Прекинот на главната расправа продолжува секогаш пред истиот судија, односно советот.

А. Точно

Б. Неточно

В. Делумно точно

81. Судот може да ги донесе следниве видови на пресуди:

А. Облигаторна и факултативна

Б. Одбивателна, ослободителна, осудителна

В. Облигаторна, ослободителна, осудителна

82. Против пресудата донесена во прв степен овластените лица можат да го поднесат кој правен лек и во кој рок?

А. Можат да изјават жалба во рок од 15 дена

Б. Можат да изјават жалба во рок од 8 дена

В. Можат да изјават противтужба во рок од 15 дена

83. Жалбата може да се отфрли односно одбие како:

А. Ненавремена, недозволена, неоснована

Б. Ненавремена, недозволена, несоодветна

В. Недозволена и неоснована

84. Приговор за месната надлежност може да се стави најдоцна до:

А. Почетокот на првото рочиште

Б. Почетокот на главната расправа

В. Донесување на пресудата

85. Кој може да даде предлог за давање на согласност за упатување на медијација?

А. Странките во постапката

Б. Надлежниот судија

В. Медијаторот

86. Кој да ги сноси трошоците во кривичната постапката и колку изнесуваат тие, се одлучува со:

А. Секоја пресуда и решение за запирање на кривичната постапка

Б. Со одлука донесена според правилник за определување на трошоците

В. Постигната согласност помеѓу странките, под надзор на судијата

87. Во кривичната постапка одлуките се донесуваат во форма на:

А. Пресуда и решение

Б. Пресуда, решение и казнен налог

В. Пресуда, решение, наредба и казнен налог

88. Увид и реконструкција на настан врши:

А. Јавниот обвинител, а по негово овластување и правосудната полиција

Б. Јавниот обвинител

В. Правосудната полиција

89. За вештак не може да се земе лице кое е испитано како сведок.

А. Точно

Б. Делумно точно

Б. Неточно

90. Со решение ќе се отфрли:

А. Ненавремениот и недозволениот приговор

Б. Неоснованиот приговор

В. Ненавремениот и неоснованиот приговор

91. Изразот beneficium cohaesionis од чл. 342 од ЗКП означува?

А. Бенефициран стаж на судијата

Б. Привилегија на здружување на осомничените за поднесување на приговор

В. Привилегија за ослободување од обвиненија

92. Ако на главната расправа не дојде приватниот тужител, иако е уредно повикан, ниту неговиот полномошник, претседателот на советот или судијата поединец:

А. Ќе ја продолжи постапката

Б. Ќе ја запре постапката со решение

В. Ќе ја запре постапката со одлука

93. За барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда одлучува:

А. Надлежниот суд кој ја донел пресудата

Б. Непосредно повисокиот суд

В. Врховниот суд на Р.М.

94. Судот да се огласи за месно ненадлежен по службена должност може:

А. До закажувањето на главната расправа

Б. По закажувањето на главната расправа

В. До донесувањето на пресудата

95. Начелото на право на судење во разумен рок, подразбира дека лицето против кое се води постапката има право:

А. Да биде изведено пред суд во рок од 3 дена

Б. Да биде изведено пред суд и да му биде судено без неоправдано одложување

В. Да биде изведено пред суд во рок од 24 часа

96. Термините ,,Основи на сомневање'' и ,,основано сомневање'' означуваат иста состојба.

А. Точно

Б. Неточно

97. Спојување и раздвојување на судската постапката:

А. Е можно

Б. Не е можно

98. За спојување односно раздвојување на постапката одлучува:

А. Надлежниот суд

Б. Приватниот тужител

В. Јавниот обвинител

99. Изземање на судија или судија-поротник можат да бараат и странките.

А. Точно

Б. Неточно

В. Делумно точно

100. Правосудната полиција работи по налог на:

А. Надлежните јавни обвинители

Б. Надлежните судии

В. Врховниот суд на Р.М.